**Прва детска амбасада во светот**
**Меѓаши**

# Финансиски извештаи
За годината завршена на 31
декември 2005 година

## Содржина

Извештај на ревизорот

Финансиски извештаи

| | |
|---|---|
| Биланс на приходи и расходи | 1 |
| Биланс на состојба | 2 |
| Извештај за промените во деловниот фонд | 3 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 4 |
| Прилог | 12 |

KPMG

КПМГ Македонија д.о.о.
Ул. „Даме Груев" бр.28, 4ти кат
Скопје 1000
Република Македонија

тел: + 389 (2) 3135 220
факс: + 389 (2) 3111 811
е-пошта: kpmg@kpmg.com.mk
www. kpmg.com.mk

## Независен Извештај на ревизорот до Прва детска амбасада во светот Меѓаши

Извршивме ревизија на придружниот биланс на состојба на Прва детска амбасада во светот Меѓаши ("Организацијата") на 31 декември 2005 година, како и на поврзаните со него биланс на приходи и расходи и промените на деловниот фонд за годината тогаш завршена. Одговорноста за финансиските извештаи е на раководството на Организацијата. Наша одговорност е да искажеме независно мнение, базирано на извршената ревизија.

Ревизијата ја извршивме во согласност со Меѓународните стандарди на ревизија. Овие стандарди изискуваат да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да се здобиеме со разумна увереност дека финансиските извештаи не содржат материјално значајни грешки. Ревизијата вклучува испитување, врз основа на тестирање, на евиденциите што ги поткрепуваат износите и образложенијата во финансиските извештаи. Таа исто така вклучува осврт на користените сметководствени принципи и значајните проценки направени од раководството, како и оценка за адекватноста на прикажувањето на информациите во финансиските извештаи. Ние сме убедени дека нашата ревизија обезбедува разумна основа за нашето мнение.

Според наше мнение, финансиските извештаи реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на Организацијата на 31 декември 2005 година, како и резултатот од работењето за годината тогаш завршена, во согласност со Законот за сметководството на непрофитните организации.

Скопје 10 април 2006 година

ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР НА РМ
Гордана Никушевска

КПМГ Македонија ДОО
ДИРЕКТОР
Ѓорѓи Чуџик

KPMG Macedonia Ltd, established under Macedonian law, is a member of KPMG International, a Swiss cooperative.

Registered in the Basic court Skopje 1 Skopje with decision No. T.reg. 3433/1999.

Tax No. MK4030996107850

## Биланс на приходи и расходи

За годината завршена на 31 декември 2005

| *Во денари* | **Белешка** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|---|
| Приходи од донации | 1 | 7.229.349 | 11.088.188 |
| Приходи од само-финансирање | | 199.565 | 296.608 |
| **Вкупно приходи** | | 7.428.914 | 11.384.796 |
| Расходи | 2 | 8.454.571 | 12.861.211 |
| **Расходи** | | 8.454.571 | 12.861.211 |
| **Кусок за годината** | | (1.025.657) | (1.476.415) |

## Биланс на состојба

На 31 декември 2005

| *Во денари* | **Белешка** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 3 | 1.350.008 | 1.631.868 |
| **Вкупно постојани средства** | | 1.350.008 | 1.631.868 |
| | | | |
| Побарувања | 4 | 40.716 | 208.400 |
| Парични средства и паричен еквивалент | 5 | 7.650 | 596.138 |
| **Вкупно тековни средства** | | 48.366 | 804.538 |
| **Вкупна актива** | | 1.398.374 | 2.436.406 |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| Деловен фонд | 6 | 1.380.874 | 2.400.920 |
| **Вкупно деловен фонд** | | 1.380.874 | 2.400.920 |
| | | | |
| Обврски | | 17.500 | 35.486 |
| **Вкупно тековни обврски** | | 17.500 | 35.486 |
| **Вкупна пасива** | | 1.398.374 | 2.436.406 |

Финансиските извештаи прикажани на страниците од 1 до 15 беа одобрени од Колегиумот на Организацијата на 10 јули 2006 и во нејзино име беа потпишани од:

М-р Драги Змијанац
*Извршен директор*

## Белешки кон финансиските извештаи

Првата детска амбасада во светот Меѓаши ("Организацијата") е основана во Скопје, Република Македонија, на 29 април 1992 година. Организацијата е регистрирана како непрофитна организација во согласност со Законот за граѓански здруженија и фондации и работи на национално ниво со средства добиени од разни донатори. Главните активности на Организацијата се однесуваат на заштита на детските права.

### Значајни сметководствени политики

### (а) Извештај за усогласеност

Финансиските извештаи на Организацијата се изготвени во согласност со Законот за сметководство за непрофитни оганизации.

### (б) Основа за изготвување на финансиските извештаи

Финансиските извештаи се прикажани во македонски денари ("МКД") и се изготвени врз основа на модифицирани парични приливи и одливи.

Сметководствените политики се конзистентни со оние користени во минатите години.

### (в) Недвижности, постројки и опрема

Недвижностите, постројките и опремата се прикажани според набавната вредност намалена за акумулираната амортизација (види подолу).

Набавките на недвижностите, постројките и опремата во текот на годината од донации во пари се евидентираат како материјални средства и обврски спрема добавувачот, а истовремено и како трошок и зголемување на деловниот фонд. Донациите во вид на недвижности, постројки и опрема се евидентираат како зголемување на средствата и на деловниот фонд.

Амортизацијата на недвижностите, постројките и опремата се обезбедува по пропорционална метода на начин да се отпише набавната вредност на средствата во текот на нивниот законски пропишан полезен век на траење.

| | **2005** | **2004** |
|---|---|---|
| | % | % |
| Мебел и опрема | 12-20 | 12-20 |

## Белешки кон финансиските извештаи

**(в) Материјални средства (продолжение)**

Амортизацијата на материјалните средства набавени во готовина се евидентира како намалување на деловниот фонд и зголемување на акумулираната амортизација. Амортизацијата на донираните недвижности, постројки и опрема во натура се евидентира како трошок и зголемување на акумулираната амортизација.

На материјалните средства не им се пресметува амортизација се до нивното ставање во употреба.

**(г) Побарувања**

Побарувањата се прикажани според набавната вредност.

**(д) Парични средства и паричен еквивалент**

Паричните средства и паричниот еквивалент се состојат од парични средства во благајна и парични средства во банка.

**(ѓ) Обврски**

Обврските се прикажани според набавната вредност.

**(е) Приходи од донации и само-финансирање**

Приходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположивост. Приходите се мерливи кога може да се искажат вредносно. Приходите се расположиви кога се остварени во пресметковниот период, на пример 31 декември, или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, на пример 31 јануари следната година и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

**(ж) Расходи**

Расходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале, односно до 31 декември во тековната деловна година доколку се платени во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или платени во рок од од 30 дена по истекот на пресметковниот период, односно 31 јануари во наредната година под услов бврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

## Белешки кон финансиските извештаи

### (з) Данок од добивка

Данокот од добивка за сите обврзници изнесува 15% од оданочивата добивка, но Организацијата е непрофитна организација и не е подложна на данок од добивка.

## Белешки кон финансиските извештаи

### 1. Приходи од донации

| *Во денари* | **2005** | **2004** |
|---|---|---|
| Комисија на Европската Унија | 2.214.067 | - |
| Министерство за труд и социјална политика | 1.627.200 | 2.342.400 |
| Македонски центар за меѓународна соработка | 989.876 | 639.115 |
| Бизнис фирми за EIDHR | 531.863 | - |
| Донации од вработените | 334.327 | 258.545 |
| Child Helpline International | 276.165 | - |
| Светска банка | 241.539 | - |
| OXFAM | 181.893 | 363.260 |
| Австралиска Амбасада | 179.493 | - |
| Влада на Република Македонија | 150.000 | 150.000 |
| Бизнис фирми за SOS | 122.800 | - |
| Глобале март против детски труд | 92.256 | - |
| Агенција за млади и спорт | 80.000 | - |
| Балканска фондација за деца и млади | 64.691 | 626.060 |
| Македонски телекомуникации | 62.000 | - |
| USAID – Општинска иницијатива за Само-Помош | - | 3.730.473 |
| PRiSMa | - | 1.924.000 |
| Институт за трајни заедници | - | 412.861 |
| USAID – World Learning | - | 253.031 |
| OSCE | - | 229.729 |
| Останато | 81.179 | 158.714 |
| | 7.229.349 | 11.088.188 |

Главни проектни активности имплементирани од страна на Организацијата во текот на 2005 и 2004 година се следните:

Другарување низ мултиетничка соработка во пет мултиетнички клубови во средни училишта во Скопје, Тетово и Куманово (EIDHR проект) е проект реализиран во периодот јануари - декември 2005. Главна цел на проектот е развивање на меѓуетнички дијалог и подобрување на соработка меѓу наставници и средношколци од различно етничко потекло. Проектот е финансиран од Европската унија преку Европската комисија, Македонскиот Центар за Меѓународна Соработка, Мермерен Комбинат - Прилеп, Интраком - Скопје и г-дин Антонио Дилето Амбасадор на ПДАС Меѓаши во Италија и Швајцарија.

## Белешки кон финансиските извештаи

### 1. Приходи од донации (продолжение)

Прифатилиште за деца во кризна состојба. Од јуни 2001 згрижени се 16 раселени лица од с. Арачиново, од кои 8 се деца, со финансиска поддршка од Министерството за труд и социјална политика. Со донесување на заклучокот на Владата на Република Македонија од 18-тата седница на внатрешно раселените лица од септември 2005 година им престанува статусот на внатрешно раселени лица. И покрај одлуката на владата овие лица остануваат во прифатилиштето на Организацијата до завршување на изградбата на новите живеалишта во околината на Скопје;

СОС телефон за деца и млади е прв бесплатен телефон за деца и млади во Република Македонија и функционира од 1993 година. Проектот е финансиран од Child Helpline International, Балканска фондација за деца и млади, Холандска Амбасада, Агенција за Млади и спорт и неколку претпријатија. Во јуни 2005 СОС телефонот за деца и млади добива бесплатна линија 0800 1 2222. Како резултат на бесплатната линија, бројот на јавувања во 2005 (912 јавувања) е двојно зголемен во однос на 2004 (414 јавувања). Јавувањата најчесто биле поврзани со проблеми во семејството и проблеми поврзани со насилство од различен тип (сексуална злоупотреба, психичко и физичко малтретирање, злоупотреба на детскиот труд). Тимот на волонтери на СОС телефон е составен од студенти, дипломирани психолози, социјални работници, социолози и педагози. Од 2004 година СОС телефонот за деца и млади е член на Child Helpline International;

Детските работилници се една од првите активности на Организацијата и претставуваат можност децата од различна етничка припадност и со различен економски статус, заедно дружејќи се, преку најразлични активности да ја изразат својата креативност. Четиринаесет волонтери беа вклучени во работилниците: Ликовно творење - две групи, Компјутери - три групи, Да размислиме подлабоко, Англиски јазик - три групи, Оригами, Едукација за човекови вредности, Француски јазик и Театарска работилница. Проектот е финансиран од Австралиската амбасада;

Психосоцијална и едукациска поддршка на децата без родители е проект кој опфаќа активности како работилници за компјутери, англиски јазик, кулинарство, индивидуално и групно советување со младинците кои излегуваат од домот за деца без родители по навршување на полнолетството. Проектот има за цел поддршка и зајакнување на можноста за самостоен живот на младите. Проектот е обезбеден преку Проектот за Равој на Општините финансиран од кредит на Меѓународата Агенција за Развој (ИДА);

## Белешки кон финансиските извештаи

### 1. Приходи од донации (продолжение)

Глобална седмица за акција 2005 - Кампања за вклучување на сите деца во училиште е организирана со цел да се подигне јавната свест за фактот дека над 18.000 деца во Република Македонија не одат на училиште од различни причини и да се превземат чекори за намалување на оваа бројка. Кампањата е финансирана од донација на OXFAM;

Македонски волонтери во акција – Мак акција е проект реализиран од Организацијата во текот на 2004 година. Целта на проектот е да го стимулира волонтерството и помошта на заедницата преку неформална обука и минимална финансиска поддршка за волонтерите. Финасиери на проектот се USAID – the Community Self-Help Initiative, PRiSMa и OSCE;

Ненасилно разрешување на конфликти – Иницијатива за подобро меѓусебно разбирање е проект за подобрување на комуникацијата меѓу средношколците со македонско и албанско етничко потекло. Проектот е финансиран од Институтот за трајни заедници и е реализиран во 2004 година;

Акционен план – Во рамки на проектот за подобрена заштита на децата, финансиран од USAID – World Learning подготвена е брошура која ги содржи предлозите и препораките кои се однесуваат на социјалните и другите права на децата во Република Македонија. Проектот е реализиран во 2004 година;

Освен погоре наведените активности Организацијата ги реализираше своите редовни активности како што се: правно застапување и лобирање, социјално-хуманитарна помош, издавање публикации, учество на меѓународни семинари, обуки и конференции.

## Белешки кон финансиските извештаи

### 2. Расходи

| *Во денари* | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| *Расходи според природа* | | |
| Материјални трошоци | 856.189 | 2.059.307 |
| Потрошена енергија | 139.917 | 245.536 |
| Трошоци за одржување | 199.157 | 67.145 |
| Други услуги | 241.014 | 1.312.194 |
| Транспортни услуги | 639.469 | 1.022.128 |
| Репрезентација | 13.227 | 22.696 |
| Закупнини | 522.204 | 83.778 |
| Банкарски провизии | 28.420 | 51.367 |
| Трошоци за осигурување | 47.773 | 37.595 |
| Трошоци за службени патувања | 101.534 | 601.842 |
| Надоместоци и издатоци на вработените | 40.355 | 9.915 |
| Членарини | 13.120 | 27.720 |
| Интелектуални услуги | 3.000.762 | 3.328.464 |
| Недвижности, постројки и опрема | 111.533 | 330.495 |
| Плати и надоместоци | 1.827.652 | 2.170.279 |
| Амортизација | 287.471 | 289.392 |
| Останато | 384.774 | 1.201.358 |
| | 8.454.571 | 12.861.211 |

## Белешки кон финансиските извештаи

## 2. Расходи (продолжение)

*Во денари*

| *Расходи по проекти 2005* | Програма за Развој и консолидација на ПДАСМ | Психо социјална и едукациска поддршка на децата без родители | СОС Телефони | GAW | Внатрешно раселени лица | EIDHR | Детски работилници | Сопствено учество во вкупните расходи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прехрамбени артикли | 8.444 | 593 | 3.711 | 565 | 535.416 | 31.284 | 2.530 | 5.100 | 587.642 |
| Канцелариски материјали | 45.066 | 135 | 31.714 | 10.965 | - | 85.722 | 4.127 | 729 | 178.457 |
| Потрошени средства за хигиена | - | - | - | - | 21.041 | - | - | 294 | 21.335 |
| Потрошени материјали и суровини | - | - | - | - | 8.375 | - | - | - | 8.375 |
| Отпис на ситен инвентар | - | - | - | - | 2.890 | 6.361 | - | 2.660 | 11.911 |
| Потрошени лекови | - | - | - | 396 | 15.586 | 18.286 | 565 | 13.636 | 48.469 |
| **Материјални трошоци** | 53.510 | 728 | 35.425 | 11.926 | 583.308 | 141.653 | 7.222 | 22.419 | 856.189 |
| Гориво | - | 4.002 | 9.752 | - | 5.033 | 117.599 | - | 3.532 | 139.917 |
| **Потрошена енергија** | - | 4.002 | 9.752 | - | 5.033 | 117.599 | - | 3.532 | 139.917 |
| Поправки на возила, комјутери и канализација | 5.288 | - | 5.500 | - | 27.077 | - | - | 161.292 | 199.157 |
| **Трошоци за одржување** | 5.288 | - | 5.500 | - | 27.077 | - | - | 161.292 | 199.157 |
| Услуги за чистење | - | - | - | - | - | - | - | 6.570 | 6.570 |
| Печатарски услуги | 96.284 | - | 46.032 | 25.038 | 3.581 | 33.892 | 25.221 | 489 | 230.536 |
| Други непроизводни услуги | - | - | - | - | 3.908 | - | - | - | 3.908 |
| **Други услуги** | 96.284 | - | 46.032 | 25.038 | 7.489 | 33.892 | 25.221 | 7.059 | 241.014 |
| Трошоци за поштарини | - | - | 3.908 | 5.683 | 85 | 14.333 | - | 2.065 | 26.074 |
| Телефон/факс трошоци | 58.839 | - | 69.804 | 11.676 | 72.271 | 38.302 | 34.131 | 11.324 | 296.345 |
| Транспортни услуги | 130 | 1.010 | 103.468 | 4.820 | - | 82.584 | 27.190 | 97.848 | 317.050 |
| **Транспортни услуги** | 58.969 | 1.010 | 177.180 | 22.179 | 72.356 | 135.219 | 61.321 | 111.237 | 639.469 |
| Репрезентација | - | - | - | - | - | - | - | 13.227 | 13.227 |
| **Репрезентација** | - | - | - | - | - | - | - | 13.227 | 13.227 |
| Судски и административни такси | - | - | - | - | - | - | - | 2.900 | 2.900 |
| Трошоци за стручна литература | - | - | - | - | - | - | - | 10.000 | 10.000 |
| Регистрација на моторни возила | - | 18.268 | 9.100 | - | - | - | - | 10.456 | 37.824 |
| Други расходи | - | - | - | - | 3.940 | 9.597 | 3.847 | 3.828 | 21.212 |
| **Други расходи** | - | 18.268 | 9.100 | - | 3.940 | 9.597 | 3.847 | 27.184 | 71.936 |
| Рент оф бусинесс премисес | - | - | - | - | - | 1.037 | - | - | 1.037 |
| Рент оф вехицлес | - | - | - | - | - | 521.167 | - | - | 521.167 |
| **Рент** | - | - | - | - | - | 522.204 | - | - | 522.204 |
| Провизија од Стопанска Банка | - | - | - | - | - | 20.829 | - | 7.592 | 28.420 |
| **Банкарски провизии** | - | - | - | - | - | 20.829 | - | 7.592 | 28.420 |

# Белешки кон финансиските извештаи

## 2. Расходи (продолжение)

*Во денари*

| *Расходи по проекти 2005* | Програма за Развој и консолидација на ПДАСМ | Психо социјална и едукациска поддршка на децата без родители | СОС Телефони | GAW | Внатре-шно раселени лица | EIDHR | Детски работилници | Сопствено учество во вкупните расходи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Осигурување | - | - | - | - | - | - | - | 47.773 | 47.773 |
| **Осигурување** | - | - | - | - | - | - | - | 47.773 | 47.773 |
| Дневници за службени патувања во земјата | - | - | - | - | - | - | - | 5.600 | 5.600 |
| Дневници за службени патувања во странство | - | - | - | - | - | - | - | 29.811 | 29.811 |
| Трошоци за ноќевања | - | - | - | - | - | - | - | 17.039 | 17.039 |
| Други трошоци за службени патувања | - | - | - | - | - | 3.000 | - | 46.084 | 49.084 |
| **Трошоци за службени патувања** | - | - | - | - | - | 3.000 | - | 98.534 | 101.534 |
| Услуги за превоз од и до работа | 5.525 | - | 10.425 | - | - | - | 10.673 | 4.795 | 31.418 |
| Други надоместоци | - | - | - | - | 8.937 | - | - | - | 8.937 |
| **Надоместоци и издатоци на вработените** | 5.525 | - | 10.425 | - | 8.937 | - | 10.673 | 4.795 | 40.355 |
| Други видови членарина | - | - | - | - | - | - | - | 13.120 | 13.120 |
| **Членарина** | - | - | - | - | - | - | - | 13.120 | 13.120 |
| Договорни услуги, договор за дело | 393.132 | 34.300 | 473.006 | 31.733 | - | 1.473.047 | 70.462 | 244.409 | 2.685.789 |
| Други интелектуални услуги | 206.125 | - | - | 803 | - | 25.200 | 700 | 82.145 | 314.973 |
| **Интелектуални услуги** | 599.257 | 34.300 | 473.006 | 32.536 | - | 1.498.247 | 71.162 | 326.554 | 3.000.762 |
| Други расходи | - | - | 33.800 | - | 3.000 | 257.956 | - | 7.682 | 302.438 |
| **Други расходи** | - | - | 33.800 | - | 3.000 | 257.956 | - | 18.082 | 312.838 |
| Недвижности, постројки и опрема | - | 111.533 | - | - | - | - | - | - | 111.533 |
| **Недвижности, постројки и опрема** | - | 111.533 | - | - | - | - | - | - | 111.533 |
| Плати | - | - | - | - | - | 119.154 | - | 1.677.557 | 1.796.711 |
| Персонален данок | - | - | 17.444 | 540 | - | 7.983 | 4.870 | 104 | 30.941 |
| **Плати и надоместоци** | - | - | 17.444 | 540 | - | 127.137 | 4.870 | 1.677.661 | 1.827.652 |
| **Вкупно пред амортизација** | 818.832 | 169.841 | 783.364 | 92.219 | 711.139 | 2.867.331 | 184.315 | 2.540.061 | 8.167.100 |
| Амортизација | - | - | - | - | - | - | - | 287.471 | 287.471 |
| **Вкупно** | 818.832 | 169.841 | 783.364 | 92.219 | 711.139 | 2.867.331 | 184.315 | 2.827.532 | 8.454.571 |

# Белешки кон финансиските извештаи

## 2. Расходи (продолжение)

| *Во МКД* <br> *Расходи по проекти 2005* | Програ-ма за Развој и консолидација на ПДАСМ | Иницијатива за подобро меѓуетничко разбирање | СОС Телефони | Македонски волонтер и во акција | Акционен план | Расходи по изворни приходи на ПДАСМ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прехрамбени артикли | - | 21.925 | 866.057 | 237.444 | 2.246 | - | 1.127.672 |
| Канцелариски материјали | 32.029 | 39.299 | 43.459 | 359.150 | 23.255 | 23.003 | 520.195 |
| Потрошени средства за хигиена | - | - | 8.288 | 44.745 | - | - | 53.033 |
| Потрошени материјали и суровини | - | - | 45.476 | 33.848 | - | - | 79.324 |
| Отпис на ситен инвентар | - | - | - | 18.456 | 11.425 | 32.918 | 62.799 |
| Потрошени лекови | 7.824 | - | 90.566 | 117.894 | - | - | 216.284 |
| **Материјални трошоци** | 39.853 | 61.244 | 1.053.846 | 811.537 | 36.926 | 55.921 | 2.059.307 |
| Енергија | - | - | - | 60.384 | - | - | 60.384 |
| Гориво | 14.020 | 17.951 | 1.000 | 62.669 | 35.425 | 49.126 | 180.191 |
| Вода | - | - | - | 4.961 | - | - | 4.961 |
| **Потрошена енергија** | 14.020 | 17.951 | 1.000 | 128.014 | 35.425 | 49.126 | 245.536 |
| Поправки на возила, комјутери и канализација | - | - | - | - | - | 67.145 | 67.145 |
| **Трошоци за одржување** | - | - | - | - | - | 67.145 | 67.145 |
| Услуги за чистење | - | - | - | - | - | 6.116 | 6.116 |
| Други непроизводни услуги | 31.474 | 4.555 | - | 467.369 | - | 4.047 | 507.445 |
| Печатарски услуги | 60.008 | 26.658 | 34.184 | 556.557 | 102.617 | 18.509 | 798.633 |
| **Други услуги** | 91.482 | 31.213 | 34.184 | 1.023.926 | 102.617 | 28.772 | 1.312.194 |
| Трошоци за поштарини | - | - | 200 | 315 | 4.920 | 10.545 | 15.980 |
| Телефон/факс трошоци | 87.494 | 22.637 | 67.743 | 337.568 | 40186 | 53.260 | 608.888 |
| Транспортни услуги | 2.700 | 23.325 | 111.597 | 201.364 | 2.856 | 55.418 | 397.260 |
| **Транспортни услуги** | 90.194 | 45.962 | 179.540 | 539.247 | 47.962 | 119.223 | 1.022.128 |
| Репрезентација | - | - | - | 8.221 | - | 14.475 | 22.696 |
| **Репрезентација** | - | - | - | 8.221 | - | 14.475 | 22.696 |
| Судски и административни такси | - | - | - | - | - | 48.156 | 48.156 |
| Трошоци за стручна литература | - | - | - | 58.081 | - | 845 | 58.926 |
| Трошоци за партиципација на семинари | 2.300 | - | - | - | - | 1.900 | 4.200 |
| Регистрација на моторни возила | - | - | - | - | - | 38.288 | 38.288 |
| Други расходи | - | 35.494 | - | 689.111 | 350 | 5.879 | 730.834 |
| **Други расходи** | 2.300 | 35.494 | - | 747.192 | 350 | 95.068 | 880.404 |
| Закупнина | - | - | - | 83.778 | - | - | 83.778 |
| **Закупнина** | - | - | - | 83.778 | - | - | 83.778 |

# Белешки кон финансиските извештаи

## 2. Расходи (продолжение)

*Во МКД*

| *Расходи по проекти 2005* | Програ-ма за Развој и консолидација на ПДАСМ | Иницијатива за подобро меѓуетничко разбирање | СОС Телефони | Македонски волонтери во акција | Акционен план | Расходи по изворни приходи на ПДАСМ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Банкарски провизии | 882 | - | - | 25.321 | - | 17.744 | 43.947 |
| Инфотел | - | - | - | - | - | 7.420 | 7.420 |
| **Банкарски провизии** | 882 | - | - | 25.321 | - | 25.164 | 51.367 |
| | | | | | | | |
| Осигурување | - | - | - | 5.940 | - | 31.655 | 37.595 |
| **Осигурување** | - | - | - | 5.940 | - | 31.655 | 37.595 |
| | | | | | | | |
| Дневници за службени патувања во земјата | - | - | - | - | - | 11.200 | 11.200 |
| Дневници за службени патувања во странство | - | - | - | - | - | 74.474 | 74.474 |
| Трошоци за ноќевања | 33.020 | 111.134 | 40.354 | 271.800 | 27.340 | 21.240 | 504.888 |
| Други трошоци за службени патувања | - | - | - | - | - | 11.280 | 11.280 |
| **Трошоци за службени патувања** | 33.020 | 111.134 | 40.354 | 271.800 | 27.340 | 118.194 | 601.842 |
| | | | | | | | |
| Услуги за превоз од и до работа | - | 1.050 | - | - | - | 4.265 | 5.315 |
| Надоместоци за храна | 4.600 | - | - | - | - | - | 4.600 |
| **Надоместоци и издатоци на вработените** | 4.600 | 1.050 | - | - | - | 4.265 | 9.915 |
| | | | | | | | |
| Други видови членарина | - | - | - | - | - | 27.720 | 27.720 |
| **Членарина** | - | - | - | - | - | 27.720 | 27.720 |
| | | | | | | | |
| Royalties | - | - | - | 9.620 | - | - | 9.620 |
| Договорни услуги, договор за дело | 379.959 | 200.310 | 632.614 | 1.534.427 | - | 252.033 | 2.999.343 |
| Нотарски услуги | - | - | - | - | - | 36.490 | 36.490 |
| Транслортни услуги | - | - | - | - | - | 14.160 | 14.160 |
| Други интелектуални услуги | 219.008 | - | - | 46.020 | - | 3.823 | 268.851 |
| **Интелектуални услуги** | 598.967 | 200.310 | 632.614 | 1.590.067 | - | 306.506 | 3.328.464 |
| | | | | | | | |
| Други расходи | - | - | - | 194.236 | - | 126.718 | 320.954 |
| **Други расходи** | - | - | - | 194.236 | - | 126.718 | 320.954 |
| | | | | | | | |
| Плати | - | - | - | - | - | 2.079.058 | 2.079.058 |
| Персонален данок | 1.695 | 4.708 | 17.598 | 66.405 | 815 | - | 91.221 |
| **Плати и надоместоци** | 1.695 | 4.708 | 17.598 | 66.405 | 815 | 2.079.058 | 2.170.279 |
| | | | | | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 317.000 | - | - | 13.495 | - | - | 330.495 |
| **Недвижности, постројки и опрема** | 317.000 | - | - | 13.495 | - | - | 330.495 |
| | | | | | | | |
| **Вкупно пред амортизација** | 1.194.012 | 509.046 | 1.959.136 | 5.509.180 | 251.435 | 3.149.010 | 12.571.819 |
| Амортизација | - | - | - | - | - | 289.392 | 289.392 |
| **Вкупно** | 1.194.012 | 509.046 | 1.959.136 | 5.509.180 | 251.435 | 3.438.402 | 12.861.211 |

## Белешки кон финансиските извештаи

### 3. Недвижности, постројки и опрема

| *Во денари* | **Мебел и опрема** |
|---|---|
| ***Набавна или ревалоризирана вредност*** | |
| На 1 јануари 2005 | 3.159.589 |
| Зголемувања | 111.533 |
| Отпис | (264.542) |
| На 31 декември 2005 | 3.006.580 |
| ***Исправка на вредноста*** | |
| На 1 јануари 2005 | 1.527.721 |
| Амортизација на донирани материјални средства | 287.471 |
| Амортизација | 105.922 |
| Отпис | (264.542) |
| На 31 декември 2005 | 1.656.572 |
| ***Неотпишана вредност*** | |
| На 1 јануари 2005 | 1.631.868 |
| На 31 декември 2005 | 1.350.008 |

На 31 декември 2005 сегашната вреност на недвижностите, постројките и опремата платени во готовина се МКД 407.937 (2004: МКД 402.326) и сегашната вредност на недвижностите, постројките и опремата донирани во средства од донатори е МКД 942.071 (2004: МКД 1.229.542).

### 4. Побарувања

| *Во денари* | **2005** | **2004** |
|---|---|---|
| Министерство за труд и социјална политика | 10.000 | 198.400 |
| Побарувања од купувачи | 11.800 | 10.000 |
| Побарувања за дадени аванси | 6.470 | - |
| Побарувања за данок на додадена вредност | 12.446 | - |
| | 40.716 | 208.400 |

### 5. Парични средства и паричен еквивалент

| *Во денари* | **2005** | **2004** |
|---|---|---|
| Парични средства во банка | 6.940 | 565.720 |
| Благајна | 710 | 30.418 |
| | 7.650 | 596.138 |

## Белешки кон финансиските извештаи

### 6. Извештај за промените во деловниот фонд

| *Во денари* | Деловен Фонд |
|---|---|
| На 1 јануари 2004 | 4.315.958 |
| Зголемување на материјалните средства | 330.495 |
| Отпис на материјални средства | (659.744) |
| Амортизација за годината | (109.374) |
| Кусок за годината | (1.476.415) |
| На 31 декември 2004 | 2.400.920 |
| | |
| На 1 јануари 2005 | 2.400.920 |
| Зголемување на материјалните средства | 111.533 |
| Амортизација за годината | (105.922) |
| Кусок за годината | (1.025.657) |
| На 31 декември 2005 | 1.380.874 |

### 7. Последователни настани

По датумот на составување на билансот не се случиле настани од материјално значење, кои треба да се прикажат во финансиските извештаи.